Творечкиот опус на акад. Д. Зографски се вградува во самите темели на македонската научна и општествена миса. Неговите трудови, работени со сета научно-методолошка втемеленост и документирано аргументирани, не само што значат неодминлив придонес кон македонската историска наука, туку наедно претставуваат патоказ за идните истражувачи и во напрегањата за научно осветлување на историските процеси и на нужните општествените случувања. На тој начин, акад. Д. Зографски си заслужи највисоко место меѓу истрајните истражувачи на полето на историската наука и меѓу родољубивите општествени дејци, кои своите научни напори и својата општествена дејност ја поистоветија со потребите, барањата и напрегањата на македонскиот народ и на македонската држава.

Ристо ХРИСТОВ

Проф. д-р Стјепан АНТОЛЈАК (1909-1997)



Болната вест за смртта на акад. Стјепан Антолјак (2.09.1997 год.) со големо жалење ја примија неговите многубројни ученици во Република Македонија, следбеници на неговото големо педагошко и научно дело.

Проф. д-р Стјепан Антолјак, целиот свој животен век (1909-1997) го посвети на развојот на хрватската, македонската, балканската и општоевропската историска наука, како и на универзитетската настава во Загреб, Скопје, Приштина и Задар. Како припадник на прочуената "Шишиќева школа", своите сестрани знаења, стекнати во повеќе балкански и европски центри, проф. Антолјак несебично, на нему својствен начин, настојувал да ги пренесе и всади на своите ученици-студенти по историја и помлади колеги-историографи, во своите средини во кои го поминал својот животен век. Неговиот долгогодишен престој во Скопје (1956-1969), како редовен професор на Филозофскиот факултет, соработник на Институтот за национална

историја, Архивот на Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и другите научни институции, ќе биде одбележан со златни букви во аналите на македонската историографија, бидејќи е крунисан со поставувањето на темелите на научното проучување на македонското историско минато, изградувањето на над 1.000 дипломирани професори по историја за средно образование, како и голем број магистри, хабилитанти и доктори по историски науки. Затоа проф. Антолјак, со право се смета за основач на своја школа во Република Македонија, т.е. на т.н. "Антолјакова школа". Тоа јавно го искажа по повод 75-годишнината од раѓањето и 50-годишнината од научната дејност, неговиот прв докторант, воспитаник и соработник проф. д-р Христо Андонов-Полјански, лауреатот на Наградата АВНОЈ, кога во својство на ректор на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", во својот ректорски кабинет ги изговори од името на многубројните ученици - следбеници на делото на проф. Антолкак, знаменитите зборови: "Сите ние многу му должиме на проф. Антолјак. Без него не ќе бевме она што сме!"

Како редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје до 1969 година, а потоа повеќе години и како хонорарен и предавач на пост-дипломските студии од областа на историјата на македонскиот народ, проф. Антолјак целосно се посвети не само на унапредувањето на универзитетската настава на високо европско ниво, туку и на расветлувањето на повеќе периоди од историјата на македонскиот народ во средниот век, како и на повеќе проблеми од нововековната историја на Македонија. Затоа, тој со право се смета за еден од најпознатите странски македонолози, бидејќи како резултат на на неговото многубројно и разновидно научно творештво, беа поставени темелите на научното проучување на македонската медиевалистика и посебно на македонската историографија во целина. Неговото одлично познавање на класичните јазици и на повеќе живи јазици, му овозможи да истражува во повеќе балкански и европски архивски и библиотечни центри, собирајќи и проучувајќи огромна историска граѓа, која се однесува на историјата на македонскиот народ. Плод на тоа е поставувањето и расветлувањето на бројни проблеми од историското минато на Македонија и пишувањето на повеќе капитални дела.

Научните резултати на проф. Антолјак од областа на историјата на македонскиот народ, добија поголема јавност низ страниците на тротомната Историја на македонскиот народ (1969 год.), а особено по објавувањето на монографијата "Самуиловата држава" (1969 год.), која беше издадена по повод 1000-годишнината од востанието на комитопулите и создавањето на македонската средновековна држава во 969 година. Овој обемен научен труд беше презентиран на Меѓународниот научен симпозиум во Отешево. Благодарение на научните резултати на проф.

Антолјак, периодот на создавањето и егзистенцијата на македонската средновековна држава (969-1018 год.), за првпат во македонската историографија беше научно поставен и расветлен. Проф. Антолјак е еден од авторите на двотомната публикација "Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава", издадена во 1981 година од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Потпирајќи се секогаш врз критичкото користење на изворите (објавени и необјавени), проф. Антолјак успеа да постави и расветли бројни и клучни проблеми, кои се однесуваат на проблематиката околу населувањето на Словените во Македонија, создавањето на македонските склавинии (словенски кнежества) и нивниот однос со Византија и Бугарија, називите "Македонија" и "Македонци" во средниот век, Богумилството во Македонија, создавањето на Самуиловата држава и нејзиното прераснување во царство, востанијата на македонскиот народ во XI век, како и бројни проблеми од македонската топонимија, стопанската историја на Македонија, културната историја итн. Плод на тоа е и објавувањето на обемното дело од 979 страници "Средновековна Македонија", т. I, кое во издание на "Мисла" излезе од печат во 1985 година.

Интересот на проф. Антолјак за проучување на историското минато на македонскиот народ продолжи сè до неговата смрт. Тој беше активно вклучен и во пишувањето на 7-томната историја на македонскиот народ и беше меѓу првите, кои ги доставија договорените текстови во Институтот за национална историја.

Голем дел од своите научни резултати од областа на историјата на македонскиот народ, проф. Антолјак ги презентира на повеќе меѓународни конгреси, симпозиуми и други научни средби, одржани во земјата и надвор од неа, со што многу придонесе за пробивање на патот во Европа и пошироко на историската вистина за Македонија. Со своите забележителни резултати од областа на историјата на средновековна Македонија, проф. Антолјак истапи на меѓународните византолошки конгреси во Охрид (1961), Оксфорд (1966), Букурешт (1971), Атина (1976), Виена (1981) како и на историско-славистичкиот конгрес во Салзбург и Регензбург (1969), Меѓународниот симпозиум во Отешево (1969), Меѓународниот историски конгрес на историчарите во Москва (1971) и др.

За унапредување на универзитетската настава во Македонија, голема улога одиграа и сè уште играат издадените два универзитетски учебници од проф. Антолјак: "Помошни историски науки" и "Извори за историјата на народите на СФРЈ за среден век", кои имаат доживеано повеќе изданија.

За огромната научна продукција од областа на историјата на македонскиот народ, како и за изградувањето на бројни професори по истори-

ја на средното образование и научни кадри, проф. Антолјак е удостоен со највисоките награди на Република Македонија: "11 Октомври" за монографијата "Самуилова држава", "Гоце Делчев" за научната публикација "Средновековна Македонија", т. I, како и повеќе плакети и благодарници од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Филозофскиот факултет, Институтот за национална историја, Архивот на Македонија и др. За својот голем придонес за развојот на македонската историографија, проф. Антолјак во 1979 година беше избран за редовен член на Македонската Академија на Науките и Уметностите, надвор од работниот состав.

Голем е придонесот на акад. Стјепан Антолјак и за унапредувањето на македонско-хрватските односи по создавањето на самостојна независна Република Македонија. До пред неговата смрт, тој повеќе години ја извршуваше функцијата претседател на Хрватско-македонското друштво во Загреб.

Академик Стјепан Антолјак активно учествуваше и во создавањето и афирмацијата на повеќе научни и стручни списанија, посебно на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет, Гласникот на Институтот за национална историја, Историја, органот на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, Прилози што го издава МАНУ и др. Тој беше доста активен и во работата на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија и другите стручни здруженија.

Смртта на акад. Стјепан Антолјак, несомнено претставува голема загуба не само за хрватската, македонската, туку и за општословенската историографија. Тоа што тој го остави зад себе како научник и педагог е гаранција дека "Антолјаковата школа" ќе има постојани продолжувачи и следбеници во Македонија, кои ќе се испирираат од неговото огромно и разновидно научно дело при проучувањето на историското минато на македонскиот народ.

Бранко ПАНОВ